Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 328/0306
29.08 2018 год.
Скопје

29.08.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27 август 2018 година, врз основа на примена жалба од Елена Мицевска ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Скопје инфо.мк“ со текстот насловен „Лето, сонце, забава на охридските плажи“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 7.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 21 јули 2018 година, Елена Мицевска поднесе жалба за текстот со наслов „Лето, сонце, забава на охридските плажи“, објавен на 21 јули 2018 година, на интернет порталот „Скопје инфо.мк“ (www.skopjeinfo.mk).

Мицевска наведува дека со фотографијата што ја објавил медиумот во рамките на текстот ја нарушил нејзината приватност. Таа, како што наведува, побарала од медиумот, спорната фотографија да биде отстранета од текстот, но тоа не и' било овозможено.

Мицевска посочува дека истата фотографија датира најрано од 2012 година, кога била објавена од друг интернет портал, а жалителката, идентично како и сега, побарала фотографијата да биде отстранета од содржините на медиумот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Скопје инфо“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Скопје инфо“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7.

***Член 7:*** *Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 27 август, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата веднаш констатираа дека со првата фотографија во текстот, на која се гледаат две девојки, вклучително и жалителката, прикажани во крупен план додека излегуваат од вода на плажа, интернет порталот „Скопје инфо.мк“ го прекршил членот 7 од Кодексот на новинарите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание врз јавниот интерес. Во такви ситуации, треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози и некоја друга личност.

Комисијата се согласи дека медиумите имаат право да известуваат од јавни места и да објавуваат фотографии, но мора да бидат особено внимателни дали тоа може да наруши нечија приватност и да побараат согласност од лицето, кое е предмет на фотографирање.

Комисијата, при одлучувањето, го зеде предвид и чл.2 ст.1. т.1 од Законот за заштита на личните податоци и констатира дека во овој случај, во согласност со самата дефиниција пропишана во членот, од фотографијата многу лесно може да се утврди личниот профил, односно идентитетот на лицата на фотографијата врз основа на нивната физиономија, вклучително и на жалителката.

Во продолжение, Комисијата заклучи дека кога ќе се поврзат објавената фотографија и реченицата под неа, се добиваат елементи со сексистичка конотација, со што се доведува во прашање нејзиниот/нивниот дигнитет како личности и угледот во заедницата:

***„А, атмосферата е навистина добра, особено на втората плажа на Градиште каде што има и забава во пена“,*** пишува авторот, кој не е наведен под текстот.

Во согласност со член 3 од истиот Закон, заштитата на личните податоци се гарантира на секое физичко лице, без дискриминација заснована, меѓу другото, и врз неговиот пол, политички или други верувања.

Во таа насока, Комисијата констатира дека личниот живот на жалителката, која не е ниту избран, ниту именуван функционер, ниту политичка личност, не може да се смета за јавен интерес за да преовладува над приватниот интерес.

Интернет порталот „Скопје инфо.мк, создавајќи го новинарскиот производ, морал да внимава да не ги загрози и другите човекови права на сите инволвирани личности, професионална одговорност, која (покрај Кодексот на новинарите на Р.Македонија) произлегува и од Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите. Поконкретно, се работи за делот каде што потсетува дека остварувањето на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу остварувањето на ова право и почитувањето на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата.

Притоа, Комисијата заклучи дека медиумот, како што тврди подносителот на жалбата, не добил дозвола за објавување на фотографијата од засегнатите лица, ниту контактирал да побара дозвола, што била негова професионална должност. Оттука, членовите на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Комисијата се согласија дека тоа се коси со чл.6 ст.1 алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци, во кој се вели дека обработката на личните податоци може да се врши по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци.

**Комисијата при одлучувањето го зеде предвид и:**

Чл.2 ст.1 т.1 од Законот за заштита на личните податоци, во кој се вели дека „личен податок" е секоја информација, која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди, директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Теофил Блажевски.

**Се обврзува интернет порталот „Скопје инфо.мк" (www.skopjeinfo.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595